Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2021 година


Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk



MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# СОДРЖИНА

Резиме ..... 2

## 1. Реален сектор

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 5

Инфлација ..... 6

Берзански цени ..... 8

## 2. Надворешнотрговска размена

Извоз ..... 10

Увоз ..... 11

Салдо на трговска размена ..... 12

Валутна структура ..... 13

## 3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ..... 13

Буџетски расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 16

Буџетско салдо ..... 18

## 4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ..... 18

Плати ..... 19

Пензии ..... 20

## 5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ..... 21

Депозитен потенцијал ..... 21

Кредити на банките ..... 22

Каматни стапки на депозитни банки ..... 23

Пазар на капитал ..... 23

Девизни резерви ..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јули, 2021 година

- Индустриското производство во јули 2021 година забележа пад од 0,6% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во јули 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 3,4%;
- Во периодот јануари - јули 2021 година извозот забележа раст од 34,6%, а увозот раст од 34,0%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 32,4%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2021 година изнесуваа 121.276 милиони денари, односно 17,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,1% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2021 година изнесуваа 140.091 милион денари, односно 19,8% од БДП, што е за 2,0% повеќе во однос на истиот период лани;
- Вкупните кредити на банките во јули 2021 година се зголемија за 5,2% во споредба со јули 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 6,8%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во јули 2021 година забележа пад од 0,6% во споредба со истиот месец претходната година. Падот во јули 2021 година се јавува по периодот на раст во претходните четири месеци и се должи на намаленото производство во секторите Преработувачка индустрија од 3,9% (придонес од -3,1 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 4,9% (придонес од -0,5 п.п.), додека во секторот Рударство и вадење камен е забележан раст од 39,9% (придонес од 4,3 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во јули 2021 година бележат 12 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 27,1% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, во јули 2021 година производството на машини и уреди бележи пад од 14,2% и придонес од -0,9 п.п., производството на моторни возила пад од 6,1% и придонес од -0,7 п.п., а производството на електрична опрема пад од 13,1% и придонес од -0,5 п.п.. Од традиционалните гранки, во јули 2021 година производството на тутунски производи порасна за 25,3% и придонес од 0,4 п.п., производство на текстил опадна за 26,0% и придонес од -1,1 п.п., прехранбената индустрија опадна за 9,1% и придонес од -0,9 п.п., а производството на облека забележа пад од 7,5% и придонес од -0,6 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Падот на производството според намената на произведените единици во јули 2021 година главно е последица на намаленото производство на капитални производи од 14,2% (придонес од -3,1 п.п.) и енергија од 20,5% (придонес од -2,5 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, јули 2021 година)*




Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во периодот јануари – јули 2021 година индустријата забележа раст од 5,4%, што се должи исклучиво на зголеменото производство во секторот Преработувачка индустрија од 8,4% и придонес од 6,6 п.п., додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 4,9% и придонес од -0,5 п.п.. Во секторот Рударство и вадење камен е забележан пад од 3,7% и придонес од -0,4 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди од 2,5 п.п. при раст од 41,1%, електрична опрема од 1,6 п.п. при раст од 44,1%, како и моторни возила од 1,0 п.п. при раст од 8,7%.

Според намената на произведените единици, растот во првите седум месеци од годината главно се должи на растот на производството во гранките: Интермедијарни производи освен енергија од 21,1% (придонес од 6,6 п.п.), Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,2% (придонес од 2,1 п.п.) и Капитални производи од 5,5% (придонес од 1,2 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јули 2021 година е намален за 0,8%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 7,5%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,7% и Преработувачка индустрија од 0,2%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се поправката и инсталирањето машини и опрема од 28,6%, и производството на фабрикувани метални производи со раст од 12,6%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јули 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека

намалување на бројот на работници има кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а тоа е најизразено кај нетрајните производи со пад од 6,2%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јули 2021 година бележи пад од 2,2%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно Рударство и вадење камен од 7,1%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9% и Преработувачка индустрија од 1,8%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите седум месеци од 2021 година е намален кај енергијата, интермедијарните и нетрајните производи, а падот е најизразит во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јули 2021 година е понеповолна споредено со јуни 2021 година, но е поповолна во однос на истиот месец 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јули изнесува 70,7% од нормалното искористување, што претставува пад споредено со претходниот месец кога изнесувало 71,1%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 4,5 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јули имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 20,7%, неизвесното економско окружување со 15,5%, недостигот на квалификувана работна сила со 16,7% и недоволната домашна побарувачка со 13,3%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јули 2021 година во однос на јуни 2021 година е понеповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни, а залихите на готови производи на месечна основа се непроменети.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јули 2021 година издадени се вкупно 446 одобренија за градење, што претставува раст од 57,0% споредено со јули 2020 година. Во однос на претходниот месец, бројот на издадени одобренија за градење е зголемен за 39,4%.

Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јули 2021 година споредено со истиот месец 2020 година е повисока за 97,0%, а на месечна основа бележи раст од 117,9%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 284 (или 63,7%) се наменети за објекти од високоградба, 50 (или 11,2%) за објекти од нискоградба и 112 (или 25,1%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јули 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 446 издадени одобренија за градба, на 201 објект (или 45,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 245 објекти (или 54,9%) инвеститори се деловни субјекти.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




Со издадените одобренија за градење во јули 2021 година предвидена е изградба на 1.945 станови со вкупна корисна површина од 153.184 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е зголемен за 204,4%, а на годишно ниво за 160,4%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јули 2021 година регистрираа забрзан годишен раст од 3,4%. Цените се зголемени во повеќе категории, меѓу кои најголем раст регистрираат цените на транспортот, енергијата, како и цените на зеленчукот, по нивниот пад претходниот месец. Претходниот месец потрошувачките цени регистрираа раст од 2,7% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите седум месеци од 2021 година изнесува 2,5%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да се движи во рамките на проекциите, меѓутоа сè

уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, како резултат на пандемијата на ковид-19.

Стапката на инфлација во еврозоната во јули регистрира раст и изнесува 2,2% на годишно ниво. Растот на цените главно се должи на значителниот раст на цените на енергијата од 14,1% (12,6% во јуни), следен од порастот на цените на храната, алкохолот и тутунот од 1,6%, услугите од 0,9% и неенергетските индустриски добра од 0,7%.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во јули 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 2,2% на годишно ниво. Зголемувањето на стапката на раст на цените на храната се должи на зголемувањето на цените на Зеленчукот од 4,9%, како и растот на цените на Маслото (27,7%), кои имаа најголем позитивен придонес кон зголемувањето на цените.

Највисок годишен раст на цените во јули 2021 година е забележан во категоријата Транспорт од 13,6%, што е резултат на растот на цените на воздушниот сообраќај, следен со порастот на цените во категориите Ресторани и хотели од 5,6%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,4%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,2%, Здравствена заштита од 3,5%, Рекреација и култура од 3,0%, Разновидни стоки и услуги од 1,1%, Облека и обувки од 0,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 0,5% и Образование од 0,1%. Пад на годишно ниво е регистриран во категоријата Комуникации од 0,5%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во јули 2021 година се зголемија за 0,5% на месечно ниво (претходниот месец исто така беше регистриран раст од 0,5%). Растот на цените на месечно ниво е под влијание на зголемување на цените на транспортот. Поради олабавувањето на рестрикциите за патување наметнати од пандемијата, како и растот на цените на нафтата и авиосообраќајот, во јули најголем раст регистрираа цените на Транспортот од 8,9%, следен со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура од 1,1%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,6%,



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Ресторани и хотели од 0,5%, Здравствена заштита од 0,4%, Разновидни стоки и услуги, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од по 0,1%.

Во јули цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци регистрираа месечен пад од 0,9%, како резултат на намалување на цените во повеќе поткатегории од кои најмногу на Зеленчукот (7,3%), намалување регистрираа и цените во категоријата Облека и обувки од 0,3%.

Цените на мало во јули 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 5,4%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 2,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јули 2021 година споредено со претходниот месец се зголеми за 1,8% и изнесува 74,4 долари за барел, со што таа е над нивото од пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното, по што следеше генерално нагорен тренд на движење кој се задржа се до крајот на првиот квартал од 2021 година. На годишно ниво цената на нафтата е повисока за 73,8%.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст продолжи сè до март 2021 година кога цената забележа силен месечен пад, за да во април повторно се врати на патеката на раст, и истиот во јули регистрира раст на месечно ниво од 18,5%.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што прекина во март 2021 година кога истата забележа месечен пад, по што продолжи нагорниот тренд на цената. Во јули, цената на никелот на месечна основа регистрираше стапка на раст од 4,7%. Цените на основните метали во јули регистрираа месечен раст, а некои и намалување на цената. Така, цената на калајот се зголеми за 4,7%, додека цената на бакарот се намали за 1,9%, оловото регистрираше раст од 6,7%, алуминиумот се

зголеми за 2,1% и цинкот се намали за 0,1%. Во јули 2021 година, цената на железната руда се намали за 0,1% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на истата, сѐ до крајот на годината. Во 2021 година цената на златото забележува наизменично движење, со месечен раст на почетокот на годината, пад во февруари и март, и повторно раст во април и мај, додека во јуни 2021 цената на златото повторно регистрираше пад, кој продолжи и во јули 2021 година, со што цената на златото се намали за 1,5%. Трендот на месечно намалување на цената на златото го следеа и другите благородни метали, односно цената на среброто се намали за 4,9%, а цената на платината забележа пад од 3,3%. Дел од причините за падот на цените на благородните метали се зајакнувањето на доларот како и промена на интересот на инвеститорите.

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Цената на пченката на светските берзи во јули 2021 година на месечна основа се намали за 4,8%, а цената на пченицата се намали за 3,3%.

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите седум месеци од 2021 година изнесува 9.440,4 милиони евра и бележи раст од 34,3% во однос на истиот период минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јули 2021 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер е зголемено за 0,2 п.п. споредено со истиот период претходната година, и изнесува 60,1%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја,

[1] Започнувајќи од јули 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

учеството на трговската размена со Германија во првите седум месеци од 2021 година изнесува 26,5% и е зголемено за 1,8 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јули 2021 година, изнесува 3.996,1 милион евра и бележи раст од 34,6% (1.027,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 13,1%.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Вредноста на извезените стоки во јули 2021 година изнесува 587,1 милион евра и бележи раст од 13,2% (68,7 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е на исто ниво споредено со јули 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2021 година извозот бележи раст од 0,6% (3,3 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 4,2%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,8 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - јули 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 46,0% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - јули 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст кај

[2] Стандардна меѓународна трговска класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар,

групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: Организација на земјите-извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 39,3% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 24,2%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 79,1% и 10,7%, соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - јули 2021 година изнесува 5.444,4 милиони евра и бележи раст од 34,0% (1.381,4 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 11,0%.

**Графикон 2.5:**Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во јули 2021 година изнесува 800,8 милиони евра, што претставува раст од 11,6% (83,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 9,5%.

Анализирано на месечно ниво, во јули 2021 година увозот бележи пад од 0,8% (6,8 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 1,9%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (1,1 п.п.) врз увозот овој месец.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

---

Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 37,3 | 49,7 | 12,4 | 33,3 |
| Мил. ЕУР | 547,1 | 923,2 | 376,1 | 68,7 |
| Мил.$ | 609,9 | 1.110,5 | 500,6 | 82,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 17,2 | 21,2 | 4,0 | 23,2 |
| Мил. ЕУР | 98,7 | 126,5 | 27,7 | 28,1 |
| Мил.$ | 109,5 | 152,1 | 42,5 | 38,8 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 409,9 | 419,1 | 9,2 | 2,2 |
| Мил. ЕУР | 311,5 | 410,7 | 99,2 | 31,8 |
| Мил.$ | 345,2 | 493,2 | 147,9 | 42,9 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 461,5 | 421,8 | -39,7 | -8,6 |
| Мил. ЕУР | 211,1 | 287,2 | 76,1 | 36,1 |
| Мил.$ | 234,1 | 344,5 | 110,5 | 47,2 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 31,5 | 49,4 | 17,9 | 56,8 |
| Мил. ЕУР | 420,2 | 589,0 | 168,7 | 40,2 |
| Мил.$ | 467,5 | 707,9 | 240,4 | 51,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VII-2020 | I-VII-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 32,5 | 42,7 | 10,2 | 31,4 |
| Мил. ЕУР | 343,7 | 478,8 | 135,0 | 39,3 |
| Мил.$ | 381,8 | 575,2 | 193,4 | 50,6 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - јули 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 32,4% односно 354,0 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јули 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7,4% односно 14,8 милиони евра споредено со јули 2020 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, горива и мазива, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - јули 2021 година, 86,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Турција, Србија, Полска, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Шпанија и Унгарија.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,0% од трговската размена во периодот јануари - јули 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 2,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 93,8% и 88,9%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 2,2 п.п., додека кај увозот е зголемена за 3,5 п.п. во однос на периодот јануари - јули 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VII - 2020 | | | | | I - VII- 2021 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.538,2 | 3.469.091.794 | 61,6592 | 213.901.424.716 | 85,4 | 2.964,1 | 4.838.824.819 | 61,6252 | 298.193.547.257 | 88,9 | 1.369.733.026 | 39,5 |
| УСД | 1.320,4 | 614.918.341 | 55,7032 | 34.252.919.358 | 13,7 | 1.318,2 | 670.712.446 | 51,2797 | 34.393.933.008 | 10,3 | 55.794.104 | 9,1 |
| ГБП | 1,8 | 10.383.545 | 70,2538 | 729.483.472 | 0,3 | 1,0 | 10.041.242 | 71,1297 | 714.230.534 | 0,2 | -342.303 | -3,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.860,3 | | | 248.883.827.545 | 99,1 | 4.283,3 | | | 333.301.710.799 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 3.868,4 | | | 250.509.410.276 | 100,0 | 4.294,7 | | | 335.526.574.945 | 100,0 | | 33,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - јули 2021 година изнесуваа 121.276 милиони денари, односно 17,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 15,1% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е шести последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, кој во јули изнесува 12,9%, откако претходно во вториот квартал забележа годишен раст од речиси 30%. Растот е резултат и на пониските приходи во истиот период претходната година, кога се почувствуваа значителни негативни ефекти од пандемијата врз буџетските приходи.

Даночните приходи се реализирани во износ од 69.417 милиони денари и се повисоки за 20,8% во однос на јануари – јули 2020 година, најмногу како резултат на високиот раст на приходите од ДДВ.

Приходите од Данокот на додадена вредност стандардно имаат доминантно учество од 46,9% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 32.568 милиони денари, што претставува зголемување од високи 29,6% во однос на истиот период во 2020 година. Особено е изразен растот на овие приходи во вториот квартал, кога годишниот раст изнесуваше високи 61,8%. Притоа, ДДВ во првите седум месеци годинава е наплатен во бруто-износ од 48.761 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 16.194 милиони денари (бруто-наплатата е повисока за 21,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 8,6% споредено со јануари – јули 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо

е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 27,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 24,4%.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Акцизите се остварени во износ од 13.690 милиони денари (учество од 19,7% во даночните приходи), што претставува зголемување од 13,3% во споредба со истиот период од 2020 година. Така, само од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 46.258 милиони денари, што претставува 66,6% од вкупните даночни приходи во периодот јануари – јули 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 11.044 милиони денари и бележат раст од 9,6% на годишна основа, при што 67,5% од приходите се од плата и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 7,4% од приходи по основ на договор на дело, 7,2% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 10,4% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 7.018 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 11,6% во однос на истиот период претходната година, како резултат на исклучително позитивните остварувања кај даночните биланси, коишто се зголемени речиси двојно, додека данокот по месечни аконтации се намали за 7,0%.

Приходите од царина се остварени во износ од 4.725 милиони денари и забележаа зголемување од 30,0%. Приходите од други даноци со остварен износ од 372 милиона денари забележаа зголемено остварување за 36,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 40.122 милиона денари, што претставува поголемо остварување за 6,0% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 6,0%, кај придонесите за здравствено осигурување е повисока за 6,1%, а кај придонесите за вработување за 5,7%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 7.766 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа повисоко остварување за 19,5% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 597 милиони денари, што е намалување од 37,0% во однос на периодот јануари – јули минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.632 милиона денари и се повисоки за 30,3% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јули 2021 година изнесуваа 140.091 милион денари, односно 19,8% од БДП, што е за 2,0% повеќе во однос на истиот период лани.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 130.869 милиони денари учествуваа со 93,4% и се зголемени за 0,6% во однос на истиот период од 2020 година.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 17.851 милион денари што претставува зголемување за 3,3% во однос на периодот јануари – јули претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 12,7%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 9.829 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа зголемување од 15,1%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки, како и секогаш, имаа трансферите коишто изнесуваа 95.948 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа пониска реализација за 2,6% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 68,5% во вкупните расходи.

Падот на трансферите е резултат на намалувањето од 14,3% на расходите кај категоријата други трансфери, придвижено пред сè од субвенциите и трансферите, кои изнесуваат 12.487 милиони денари и се намалени за 25,0%. Падот на расходите е висок поради базниот ефект, откако во овој период претходната година е забележан исклучително висок износ на расходи за субвенции и трансфери, поврзан со мерките за справување со кризата. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.113 милиони денари забележаа зголемување од 0,7% во споредба со периодот јануари - јули претходната година. Средствата за социјални трансфери изнесуваа 69.719 милиони денари и забележаа зголемување од 3,5%, додека нивното учество во вкупните расходи изнесува 49,8%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 41.717 милиони денари, што е зголемување за 4,1% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 29,8% во вкупните расходи.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 9.222 милиона денари, со структурно учество од 6,6% во вкупните расходи, при што забележаа значително повисока реализација (раст од 27,0%) во споредба со периодот јануари - јули 2020 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Министерството за труд и социјална политика во првите седум месеци од 2021 година реализираше 31.181 милион денари или 56,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (67,6%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 21.071 милион денари или 57,5% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 22,3% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 56,4% (6.941 милион денари) од планираните за 2021 година.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - јули 2021 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари - јули 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 52.134 милиони денари што претставува 78,7% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (37.500 милиони денари) е убедливо најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 71,9%, откако во јули беше исплатена еврообвзницата издадена во 2014 година во вредност од 500 милиони евра. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 13,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 7.241 милион денари, или 77,3% од вкупниот буџет за оваа намена. За капитални расходи се издвоени 5.196 милиони денари (56,1% од планираното), односно 10,0% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 14.475 милиони денари, што е 53,3% од вкупниот

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (65,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 9.453 милиони денари или 58,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,3%, за што се потрошени 2.356 милиони денари, односно 54,5% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 6.554 милиони денари, што претставува 55,7% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 71,9%, за што се потрошени 4.714 милиони денари или 58,2% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,2%, за што се реализирани 1.258 милиони денари или 54,7% од годишниот план.

Во периодот јануари - јули 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 4.606 милиони денари што претставува 52,2% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 83,2% во вкупните расходи, реализирани се 52,7% од планираните средства за цела година, односно 3.833 милиони денари.

Министерството за одбрана во периодот јануари - јули 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 4.333 милиони денари, што е 40,1% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,9%, за што во овој период се реализирани 2.422 милиона денари (57,4% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,2% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 1.179 милиони денари, односно 47,0% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите седум месеци од 2021 година реализираше вкупно 3.995 милиони денари, односно 27,8% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со високи 85,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 3.407 милиони денари (26,7% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - јули 2021 година изврши буџетски средства во износ од 4.443 милиони денари, што е 54,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 55,2%, за што во овој период се потрошени 2.453 милиони денари или 58,6% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна ставка е Тековни трансфери до вонбуџетските фондови со реализација од 1.724 милиони денари (57,5% од планираното за годината) и учество од 38,8% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 1.251 милион денари, што е 31,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 67,3% од предвиденото за цела година (842 милиона денари).



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јули 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 18.815 милиони денари, што претставува 2,7% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 19.828 милиони денари и претставува 2,8% од БДП. Буџетскиот дефицит во периодот јануари - јули изнесува 40,7% од вкупно планираниот буџетски дефицит за цела 2021 година.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јули 2021 година, во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 112.141 новозаснован работен однос. Споредено со истиот месец од 2020 година, вкупниот број нововработени лица е зголемен за 17,0%.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.
Забелешка: Во март 2021 година е извршено прочистување на списоците на невработени лица.

Од вкупниот број нововработени, 43,0% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јули 2021 година 18,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во јули 2021 година изнесува 195.224, од кои 138.647 се активни баратели на работа, а 56.577 се останати невработени лица. Во однос на јули 2020 година, вкупниот број невработени лица е намален за 13,6%. На месечна основа, бројот на невработени е намален за 2.118 лица. Во таа насока, со месечното намалување на бројот на невработени во

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

периодот април - јули трендот на зголемување на бројот на невработени што се забележуваше во текот на цела 2020 година и првите два месеца од 2021 година е конечно запрен. Претходно, во март 2021 година е извршено прочистување на списоците.

Најголем дел од активните невработени лица (62,1%) се градско население, а според половата структура 48,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 65,6%, се со непотполно средно образование или помалку, 25,2% се со завршено средно образование, додека 9,2% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, најголемиот дел на невработени лица или 50,9% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 62,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 5,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во јуни 2021 година оствари годишен раст од 7,0%, а во однос на мај 2021 година истата е повисока за 0,1%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на јуни 2020 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (25,1%), Уметност, забава и рекреација (20,5%) и Информации и комуникации (14,1%). Реалните плати во јуни 2021 година забележаа годишен раст од 4,2%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во јуни 2021 година на годишна основа бележи раст од 7,1%, а во однос на претходниот месец истата е повисока за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во јуни 2021 година во однос на истиот месец од 2020 година се забележува во следните сектори: Објекти за сместување и сервисни дејности со храна (25,3%), Уметност, забава и рекреација (21,1,%), и Информации и комуникации (14,1%). Реалната бруто-плата во јули забележа годишен раст од 4,3%.

## Пензии

Во јули 2021 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 323.369 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,4% се корисници на старосна пензија, 23,2% се корисници на семејна пензија и 9,4% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.
Забелешка: Во податоците за август не се вклучени корисниците кои својата пензија ја примале преку Еуростандард банка.

Просечната пензија во јули 2021 година изнесува 15.840 денари и е за 2,9% повисока во однос на истиот месец 2020 година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јуни 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 54,6%.

Просечната старосна пензија во јули 2021 година изнесува 17.121 денар, просечната инвалидска пензија изнесува 14.317 денари, а просечната семејна пензија 12.728 денари. За исплата на пензиите во јули 2021 година се потрошени 5.004 милиони денари, што претставува 48,6% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

Во јули 2021 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 1,25%, откако во март ја намали за 0,25 п.п.. Одлуката за понатамошно монетарно олабавување се носи во услови на стабилни движења на девизниот пазар и умерена динамика на инфлацијата, иако сè уште постои неизвесност од пандемијата и влијанието врз заздравувањето на економијата. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25%, се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити
(јули 2021 година)




Извор: НБРСМ.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во јули 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 19,5% споредено со јули 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 36,5% и зголемување на готовите пари во оптек за 8,1%.

На месечно ниво, примарните пари се намалија за 9,2%, што е резултат на падот на вкупните ликвидни средства на банките за 20,9%, додека готовите пари во оптек се зголемија за 4,0%.

## Депозитен потенцијал[7]

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупните депозити на банките во јули 2021 година се зголемија за 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 0,9%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,4%.

Од аспект на валутата, во јули 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута регистрираа пад од 0,6%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 1,8%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јули 2021 година оствари раст од 6,8% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 4,2% и 10,7%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 19,9% и 4,3%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,8%, а долгорочните депозити се намалија за 4,9%.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 58,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јули 2021 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 448.933 | *0,4%* | *6,8%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *263.259* | *-0,6%* | *4,2%* |
| *Странска валута* | *185.674* | *1,8%* | *10,7%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *189.114* | *1,5%* | *6,8%* |
| *Долгорочни* | *101.013* | *-0,8%* | *-4,9%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 373.561 | *0,7%* | *5,2%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *219.058* | *0,5%* | *4,6%* |
| *Странска валута* | *154.503* | *1,0%* | *6,0%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *59.698* | *-0,1%* | *5,3%,* |
| *Долгорочни* | *297.644* | *1,2%* | *6,9%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.339* | *-3,3%* | *-20,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во јули 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,7% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,9%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 0,6%. Од аспект на валутата, во јули 2021 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,5% и 1,0%, соодветно.

На годишна основа, во јули 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,2%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,0% и на кредитите кон претпријатијата од 2,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,6%, а кредитите во странска валута за 6,0%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 6,9%, а краткорочните кредити од 5,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јули 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,04 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,50%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,06 п.п. и изнесува 4,83%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,10%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




**Извор: НБРСМ.**

Вкупната каматна стапка на депозитите во јули 2021 година изнесува 0,83% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити е намалена за 0,05 п.п. на месечно ниво и изнесува 1,16%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше раст од 0,02 п.п. и изнесува 0,51%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јули 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 31,1% на месечно ниво како резултат на намалувањето на прометот од блок трансакциите за 42,3%, како и падот на прометот од класичното тргување за 10,2%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во јули 2021 година изнесуваше 1.067 милиони денари и истиот е зголемен за 178,8% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јули 2021 година изнесуваше 5.423,14 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 2,7%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 26,4%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јули 2021 година изнесуваа 3.547,55 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 12,0%, а во однос на јули 2020 година регистрираа раст од 1,0%.